Врз основа на член 18 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 15.05.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За усвојување План за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период 2015 – 2019 година**

Член 1

Се усвојува План за управување со отпад во Општина Крива Паланка за период 2015 – 2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09–1402/21**
**15.05.2015 год.**
**Крива Палнака**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
М-р.Борче Стојчевски

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за усвојување на План за управување со отпад на Општина Крива Планка за период од 2015-2019 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на План за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период од 2015 до 2019 година, што Советот ја донесе на 22-та седница, одржана на 15.05.2015 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1402/22**
**18.05.2015 год.**
**Крива Паланка**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав.АрсенчоАлексовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk

# ПЛАН

# за

# управување со отпад за

# Општина Крива Паланка

# (2015-2019)

# Содржина:

1. Вовед....4

2. Постигнувања од Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка (2009-2013)....6

3. Опис и оцена на постоечката состојба во врска со управувањето со отпад....7

4. Предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпад....13

5. Насоки и цели во врска со управувањето со отпад вклучувајќи и временски распоред на нивното реализирање....15

6. Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија....15

7. Начини за отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи....17

8. Определување на видот и на количеството отпад според кои се определува обврската за правните и на физичките лица да изработуваат програми за управување со отпадот....17

9. Реализација на системот за мониторинг при управување со отпадот....18

10. Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпадот наменет за остранување и временски распоред и обемот на нивното реализирање....20

11. Локации и инсталации за отстранување на отпадот....21

12. Податоци за интегрираната мрежа за отстранување на отпадот....22

13. Технички и други услови кои треба да се исполнат при управување со отпадот....23

14. Мерки за санација на диви депонии и на загадените области....24

15. Активности коишто се преземаат од страна на Општина Крива Паланка во врска со управувањето со отпад....25

16. Определување на регионите за управување со отпад....26

17. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпадот....26

18. Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпад....27

19. Мерки и активности со временска рамка (Акционен план 2015 – 2019)....34

# 1. Вовед

Општина Крива Паланка овој План за управување со отпад кој што опфаќа пет годишен период (2015 – 2019) година, го изработи во согласност со Законот за управување со отпадот (Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13), Националниот план за управување со отпад и Стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008 – 2020).

Планот за управување со отпад претставува продолжување на Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка (2009 – 2013).

При изработка на Планот беа направени анализи на тековната состојба, предвидување на идните состојби и проценки за одржливо подобрување на постојниот систем со примена на современите начела за управување со отпадот, давајќи му на планот локална, национална и европска димензија.

Начелата врз кои се темели овој план се:

- **Начело на одржлив развој**

Одржливиот развој е генерално разбран како развој на активности што се спроведуваат на начин кој не ги загрозува потребите, способноста и развојот на идните генерации. Одржливото управување со отпад значи поефикасно користење на ресурсите, намалување на количината на создадениот отпад на местото на неговото создавање, на начин кој ќе помогне да се постигне целта на одржливиот развој.

- **Начело на универзалнот на услугите**

Универзалноста на услугите треба да биде обезбедена преку: недискриминација, одржливост на услугата, квалитет и ефикасност, транспарентност, економски прифатлива цена и целосно покривање на територијата на општината со услугата.

- **Начело „загадувачот плаќа“**

Начелото „загадувачот плаќа“ значи дека загадувачот треба да го поднесе целиот трошок за последиците од своите активности. Од таа причина, потенцијалните трошоци по животната средина и човековото здравје од создавањето, третманот и отстранувањето на отпадот треба да бидат целосно вградени во цената на услугата за постапување со отпадот.

- **Хиерархија во управување со отпадот**

Ова начело го дефинира посакуваниот редослед на практиките за управување со отпадот, и тоа:

1. Спречување/намалување на создавање на отпад;
2. Повторно користење;
3. Преработка/Рециклирање;
4. Отстранување (Депонирање/Горење)

- **Начело на блискост и самодоволност**

Начелото на блискост и самодоволност значи дека отпадот треба да се третира, преработува или остранува колку што е можно поблиску до локацијата каде што е создаден. Ова начело има за цел избегнување на негативните влијанија врз животната средина кои би можеле да настанат од неопходниот транспорт на отпадот. Во секој случај, влијанијата врз животната средина од транспортирање на отпадот зависат од локалните услови и прилики. Според тоа, примената на начелото ќе варира во зависност од видот и количината на отпадот и од потенцијалното влијание врз животната средина, начинот на транспорт и отстранување. Мора да постои баланс помеѓу начелото на блискост и економските аспекти. Во одредени случаи, економските аспекти диктираат само одреден третман во близина на местото на создавање, а активностите за понатамошно враќање на отпадот во производните циклуси или отстранување на отпадот може да се одвиваат далеку од локацијата каде што отпадот се создава. Целта на начелото на блискост е да се оди колку што е можно повеќе кон самодоволност во одржливото управување со отпадот, како на национално  така и на локално ниво.

- **Начело на претпазливост**

Ова начело вклучува преземање на мерки на претпазливост сега, со цел да се избегне можна штета врз животната средина или човековото здравје во иднина, дури и ако научната основа за мерки на претпазливост може да биде неубедлива.

- **Најдобра изводлива еколошка опција (НИЕО)**

Најдобрата изводлива еколошка опција е резултат на системски и консултативен процес на одлучување кој ја нагласува заштитата и зачувувањето на животната средина (земја, воздух, вода). НИЕО процесот воспоставува долгорочна и краткорочна опција (или комбинација на опции) за даден сет на цели и околности, која е најкорисна или најмалку штетна по животната средина како целина, со прифатлив трошок.

- **Одговорност на производителот**

Ова начело заначи дека прозводителите, увозниците, дистрибутерите и продавачите на мало на производи кои создаваат отпад треба да преземат колективна одговорност за тој отпад, без да очекуваат заедницата да го понесе товарот на организирањето и плаќањето за собирање, третман и отстранување на отпадот. Ова начело посочува дека производителот на производи кои создаваат отпад треба да преземат одговорност за:

- Минимизирање на отпадот од нивните прозиводи, во производството, користењето по нивната употреба;
- Развивање на пазари за повторна употреба и рециклирање на отпад генериран/создаден од нивните производи.

# 2. Постигнувања од Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка (2009-2013)

Согласно Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка (2009-2013), Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец ги реализираа следниве активности:

- Формиран е Меѓуопштински одбор за управување со отпад за Североисточен регион, во кој одбор Општина Крива Паланка зема активно учество;
- Во тек е изработка на Регионален план за управување со отпад за Североисточниот регион;
- Набавени и поставени се 30 нови контејнери (1,1 $м^3$);
- Набавени и поставени се 50 метални буриња за проширување на опслужените подрачја;
- Набавени и поставени се 150 корпи за отпадоци на јавни површини;
- Набавени се 350 канти за отпадоци (120 л) кои се дадени на индивидуални корисници кои се редовни плаќачи;
- Извршена е поправка на 50 контејнери (замена на тркалца, механизми, капаци и сл.);
- Воспоставени се две акции за чистење на градот:
    - Крива Паланка без отпад;
    - Да ја исчистиме Крива Паланка за еден ден.
- Изработени се 4.000 флаери за споменатите акции;
- Организирани се 15 акции за собирање ПЕТ амбалажа и стара хартија во училиштата;

- Спроведена 1 донаторска акција за собирање стари предмети во училиштата (инвентар, стара облека и сл.);
- Спроведена е кампања за потребата од рециклирање во училиштата во 2012 година. Изработена е брошура за потребите на кампањата. Собраните количини на ПЕТ беа продадени на овластени локални откупувачи, додека старата хартија беше превземена од МПМ продукција во замена за книги за училишните библиотеки;
- Поставени се 5 метални кафези за собирање ПЕТ амбалажа;
- Исчистени се 15 диви депонии од кои е собрано околу 350$м^3$ разновиден комунален отпад и истиот е пренесен и одложен на градската депонија;
- Поставени се 15 табли за забрането фрлање отпад на места каде имаше диви депонии;
- Набавени се возила за потребите на ЈП Комуналец:
  - Поволен МАН камион – донација;
  - Нов трактор – кредит;
  - Голем скип – кредит;
  - Мал скип – кредит.
- Зголемен е опфатот за собирање на отпад во 5 рурални и 3 приградски населби.

# 3. Опис и оцена на постоечката состојба во врска со управувањето со отпад

Општина Крива Паланка според бројот на жители е средно голема општина со вкупно население 20.820 жители. Во општината има 34 населени места од кои единствена урбана населба е градот Крива Паланка со околу 11.200 жители, а останатото населние живее во руралните области во општината и тоа: Баштево, Борово, Б`с, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак, Дрење, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Мождивњак, Нерав, Огут, Осиче, Подржикоњ, Станци, Т`лминци, Трново и Узем.

Услугите за собирање на комунален отпад ги обезбедува ЈП „Комуналец“, вклучувајќи и други активности: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари. Редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 15 -20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните

места кои се наоѓаат покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во пониските делови на општината и до кои има пристапни патишта.

За собирање и транспортирање на комуналниот отпад ЈП „Комуналец" користи 2 камиони компактори со капацитет од 8м$^3$ и 4м$^3$ , 1 камион МАН со капацитет од 6м$^3$ и еден трактор со приколка со капацитет од 6м$^3$. Овие возила се веќе доста застарени и амортизирани и истите не можат да се користат за собирање на отпад на високите места во општината. Бројот на садови за собирање на отпад е следниот: 156 контејнери со зафатнина од 1,1м$^3$, 350 канти со капацитет од 120/240л. Проценето е дека во моментов 93 од контејнерите од 1,1м$^3$ е потребно да бидат заменети бидејќи се доста оштетени. Исто така бројката на садовите за отпад е потребно да биде зголемен заради потребата на зголемување на опфатот на услугата за собирање на комунален отпад.

**Податоци за опрема која се користи за собирање и транспортирање на комуален отпад**

| | | |
|---|---|---|
| **Возила** | Камион | 1 |
| | Компактор | 2 |
| | Трактор | 1 |
| **Садови за собирање** | Број на контејнери 1,1 м$^3$ | 156 |
| | Контејнери кои треба да се заменат | 93 |
| | Канти 120/240 л | 350 |

### 3.1. Комунален отпад (количина и состав)

Комуналниот отпад е главниот вид од вкупните количини на отпад создадени во општината. Комуналниот отпад го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, заедно со одржувањето на јавната хигиена и собирање на отпад од парковите, комерцијалниот отпад (комерцијални субјекти, инситуции и сл.), комунален отпад создаден во индустријата, сличен со отпадот од домаќинствата. Мал дел од одпадот од домаќинствата е опасен: батерии од домаќинствата, остатоци од бои, разредувачи, киселни, алкалии, површинско активни материи, инсектициди и сл. Создавањето на комуналниот отпад во општината го следи широкото општо правило дека во густо населените урбани области се создаваат поголеми количини на комунален отпад отколку во подрачја со рурален карактер.

ЈП„Комуналец" во 2013 година за потребите на изработка на Планот за управување со отпад на Североисточниот регион направи проценка на составот на комуналнитот отпад по вид и количин. Количините на главните состојки на комуналниот отпад се следнава табела.

**Состав на комуналниот отпад и количини по видови**

| **Вид на отпад** | **Количина (т/год)** | **Застапеност (%)** |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 954 | 20,45 |
| Друг биоразградлив отпад | 1887 | 40,43 |
| Хартија | 114 | 2,45 |
| Картон | 170 | 3,65 |
| Стакло | 116 | 2,49 |
| Метали | 19 | 0,40 |
| Алуминиум | 18 | 0,38 |
| ПЕТ амбалажа | 183 | 3,91 |
| Пластични ќеси | 250 | 5,37 |
| Пластични ќеси од пакување | 77 | 1,62 |
| Друга пластика | 48 | 1,02 |
| Текстил | 43 | 0,92 |
| Кожа | 7 | 0,16 |
| Пелени | 130 | 2,79 |
| Отпад од градење и рушење | 6 | 0,13 |
| Електронски отпад | 6 | 0,13 |
| Опасен отпад | 11 | 0,24 |
| Тетрапак пакување | 25 | 0,54 |
| Фина фракција | 603 | 12,92 |
| **Вкупно** | **4667** | **100** |

### 3.2. Комерцијален отпад

Комерцијалниот отпад по својата природа и состав е сличен со отпадот од домаќинствата, но се создава од приватни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности.

Според податоците од Националниот План за управување со отпад, просечната процентуална застапеност на комерцијалниот отпад во комуналниот отпад изнесува 27 %. Според тоа очекуваните количини комерцијален отпад кој се создава на територијата на Општина Крива Паланка би изнесувала околу 1.300 тони годишно.

### 3.3. Индустриски отпад

Индустрискиот отпад се состои од сите видови отпад (освен комуналниот) создаден во индустриите, како и самиот индустриски процес, така и од било кој друг извор во рамките/кругот на индустрискиот капацитет. Индустрискиот отпад воглавно се јавува како неопасен отпад (сите видови отпад создадени во рамките/кругот на индустриските капацитети, кои не содржат опасни супстанции под утврдените гранични концентрации) и како опасен отпад (видови опасен отпад наведени во Листата на видови на отпад и означени со звездичка).

Во општина Крива Паланка во моментов работат рудникот Тораница, неколку текстилни и чевларски фирми, фабрика за преработка на глина и минерални суровини, сепарација на песок, а се очекува и рестартирање на кланицата и отварање на нови конфекциски фирми и фирми за производство на чевли.

### 3.4. Медицински отпад

Медицински отпад е отпад создаден во медицинските и ветеринарните установи (болници, поликлиники, здравствени станици, забни ординации, ветеринарни станици итн.), кој потекнува од искористените предмети и материјаликако резултат на дијагностицирање, медицински третман и спречување на болеста кај луѓето и животните.

Медицинскиот отпад, според европската класификација се состои од:

- Делови од телото и органи, вклучувајќи крвни кеси и крвни резерви (патолошки отпад);
- Отпад чие собирање, транспорт и отстранување е предмет на специфични стандарди со цел спречување на инфекции (инфективен отпад);
- Хемикалии кои се состојат од или содржат опасни супстанции;
- Други хемикалии;
- Цитотоксични и ситостаични лекови;
- Други лекови.

Во општина Крива Паланка медицинскиот отпад се создава во болницата и приватните ординации. Најголемиот дел од приватните ординации се наоѓаат во склоп на болницата, додека вон болницата, низ градот Крива Паланка се наоѓаат 2 педијатриски ординации, 4 ординации за општа пракса, и 5 стоматолошки ординации. Општина Крива Паланка не располага со податоци за количината на

медицинскиот отпад кој се создава на нејзината територија, бидејќи собирањето и третманот на медицинскиот отпад е во надлежност на централната власт.

### 3.5. Специјални текови отпад

#### 3.5.1. Земјоделско – сточарски отпад

Во општина Крива Паланка, дури и во урбаниот дел, населението во голема мерка се занимава со земјоделско – сточарски активности при што се создаваат големи количини животински и растителен отпад. Точни податоци за создавањето од земјоделско – сточарските активности, во општината не постојат. Во оваа група спаѓаат следните видови на отпад:

- Животински измет;
- Отпад од животинско потекло;
- Отпад од растителни ткива; и
- Агрохемиски отпад кој содржи опасни супстанции.

#### 3.5.2. Потрошени батерии и акумулатори

Според Националниот План за управување со отпад, количината на создадениот отпад – потрошени акумулатори, изнесува 1500 т/год. Не постојат како оваа количина е распоредена на територијата на државата. Општина Крива Паланка исто така не располага со податоци за количината создаден отпад од овој вид.

Количината на потрошените батерии која се создава на ниво на државата не е позната, ниту пак е позната распределбата по региони. Општина Крива Паланка исто така не располага со податоци за количината создаден отпад од овој вид на својата територија.

Општина Крива Паланка согласно овој План има за цел во 2015 година да организира собирни центри за батерии и акумулатори.

#### 3.5.3. Отпадни масла

Податоци за создадените количини отпадни масла на локално ниво не постојат, а според Националниот План за управување со отпад, на национално ниво се создаваат 8.000 т/год. отпадни масла.

Поточни податоци ќе се добијат кога ќе се опфатат сите правни и физички лица кои создаваат отпадни масла, со издадени Б – интегрирани еколошки дозволи и одобрени елаборати за заштита на животната средина.

### 3.5.4. Искористени возила

Според националниот План за управување со отпад на национално ниво се создаваат 17.500 парчиња/годишно.

Во Општина Крива Паланка постои правно лице кое поседува дозвола за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад.

### 3.5.5. Искористена електрична и електронска опрема

Податоци за создадени количини на овој вид отпад не постојат на локално ниво.

Општина Крива Паланка согласно овој План има за цел во 2015 година да организира собирни центри за искористена електрична и електронска опрема.

### 3.5.6. Отпадни гуми

Податоци за создадени количини на отпадни гуми на локално ниво не постојат, додека според Националниот План за управување со отпад, на национално ниво се создаваат 5.000 т/год. отпадни гуми.

### 3.5.7. Старо „железо“

Создавањето на овој вид на отпад на национално ниво е проценето како 40-45 кг/жител, па очекуваната количина на старо железо во Општина Крива Паланка би била околу 900 т/год.

Во Општина Крива Паланка постои правно лице кое поседува дозвола за вршење складирање, третман и/или преработка на отпад и истото врши откуп на старо железо.

### 3.5.8. Градежен шут

Најзастапениот инертен отпад, градежниот шут (отпад од градење и рушење) потекнува од активностите како градење на објекти/згради и инфраструктура, целосно или делумно рушење и реконструкција на објекти/згради и инфраструктура, одржување на патна инфраструктура. Овој отпад обично се состои од : бетон, плочки, арматура, асфалтен покривен материјал, дрвена граѓа, гипсени плочи, камен, земја и ситни остатоци.

За градежниот шут Советот на Општина Крива Паланка определи локација за депонирање (место викано Пашина Воденица), која се наоѓа на околу 2 км од градот) и истата е исполнета (3.000 до 3.500 м$^3$) и во тек е спроведување на

постапка од страна на Општина Крива Паланка за определување и уредување на нова локација за градежен шут.

# 4. Предвидувања на идните состојби во врска со управувањето со отпад

Основното сценарио се однесува на очекуваната состојба со отпадот во планскиот период доколку не се интервенира со активностите предвидени со Планот (главно промени во интензитетот на создавање на видовите отпад чие управување е надлежност на локалните самоуправи).

## 4.1. Комунален отпад (количини и состав)

Врз основ на податоците за бројот и структурата на населението според пописот од 2002 година, направена е проценка за количината отпад која би се создавала во урбаните и руралните делови на општината за планираниот плански период. Податоците за проценетото количество на создаденотпад за периодот кој го опфаќа (2015-2019) се земени од проценката направена за потребите на изработка на регионалниот план за управување со отпад за Североисточен плански регион. Проценетите количини комунален отпад во планираниот период се прикажани во следната табела.

**Проценка на создавање на отпад во планскиот период**

| Година | Годишна количина на отпад (тони) |
|---|---|
| 2015 | 4.697 |
| 2016 | 4.728 |
| 2017 | 4.760 |
| 2018 | 4.791 |
| 2019 | 4.823 |

## 4.2. Комерцијален отпад

Прогнозите за трендовите на создавање на комерцијален отпад се директно врзани со стопанскиот развој на општината. Евентуалните зголемувања на количините на комерцијалниот отпад кој би се создавал од развојот на туризмот и услужните дејности во овој документ не може да се предвидат. Во секој случај како

нови извори на создавање на комерцијалниот отпад според стратегијата за економски развој на општината би биле новите инфраструктурни објекти (училишта, спортски објекти, објекти од областа на културата и угостителски обејкти).

Генерално, подобрувањето на макроекономската политика и климата за развој на мали бизниси на национално ниво повлекува и зголемување на стопанските субјекти кои ќе резултираат со зголемување на количините на комерцијален отпад.

### 4.3. Индустриски опасен и неопасен отпад

Во идниот период се очекува во општината да се зголеми индустрискиот сектор, а со тоа да се зголеми и количината на индустриски опасен и неопасен отпад. За овој План за управување со отпад битни се количините на неопасен индустриски отпад бидејќи управувањето со опасниот отпад е надлежност на централната власт.

### 4.4. Медицински отпад

Проценките за зголемување на овој тип отпад се задача која се решава на национално ниво.

### 4.5. Специјални текови отпад

#### 4.5.1. Земјоделско – сточарски отпад

Согласно стратегијата за локален економски развој се очекува во општината да се зајакнат земјоделските активности со што би се зголемила количината на создаден земјоделско – сточарски отпад.

#### 4.5.2. Батерии и акумулатори, отпадни масла, искористени возила, искористена електрична и електронска опрема, искористени гуми, старо железо

Со економскиот развој и зголемување на стандардот на населението, се очекува пораст и на количините на овие специјални текови отпад.

#### 4.5.3. Градежен шут

Со изградба на инфраструктурни објекти, изградба на Коридор 8, инфраструктура за прекугранично, регионално и локално поврзување, изградба на

спортски и рекреативни објекти, туристички објекти, реконструкција на училишта, патишта, а и со пораст на животниот стандард, се очекува пораст на овој вид отпад.

# 5. Насоки и цели во врска со управувањето со отпад вклучувајќи и временски распоред на нивното реализирање

Овој План за управување со отпад се изготвува како продолжување на планот за управување со отпад за периодот 2009-2013 година и опфаќа активности кои беа опфатени со тој план како и дополнителни активности со кои би се унапредило управувањето со отпад во оштината.

Со овој план се поставуваат мерки и активности со кои ќе се исполни македонското законодавство во делот на управувањето со отпад .

Исто така овој План го зема во предвид и приклучувањето на Општина Крива Паланка во регионалниот систем за управување со отпад за Североисточниот регион, кој се очекува во блиска иднина да почне со реализација.

# 6. Стимулативни мерки за реализација на активностите за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, како и повторно користење, рециклирање и користење на отпадот како извор на енергија

Превенцијата на отпадот е суштина заснована врз нивото на информираност и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата поврзаност со природни ресурси.

Селектирањето на различните видови на отпад се спроведува доколку селективно собраните видови на отпад можат повторно да се употребат или преработат, како и за оние фракции кои претставуваат особен ризик за животната средина.

Со Планот се предвидуваат активности за селекција на : стара хартија, ПЕТ амбалажа, батерии и електрична и електронска опрема. Шемата за селективно собирање ќе се спроведува на следниот начин:

- **ПЕТ амбалажа, хартија и стакло**

Собирањето на ПЕТ амбалажа и стара хартија ќе биде спроведено според однаред одредена шема (временски распоред по денови, саати, подрачје). За почеток селективното собирање ќе биде организирано само во централното градско подрачје и поголемите урбани наслеби. Од страна на Општина Крива Паланка во соработка со ЈП Комуналец ќе бидат определни локации каде ќе се поставаат контејнери за селективно собирање на отпад. Оваа шема на собирање постепено ќе се проширува секоја година со зафаќање на делови од општината и со зголемување на бројот на денови за собирање. Собирањето ќе го врши ЈП Комуналец со користење на постојниот возен парк. Собраниот селектиран отпад привремено ќе биде складиран на локација определена од Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец. Собраните количини би се предавале на овластени откупувачи.

Се предлага системот за селективно собирање да се спроведува според два основни модели:

- Модел на колективно собирање во садови. Садовите ќе бидат поставени на одредени локации определени од Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец. Ваквиот модел би се спроведувал во населбите каде тоа го дозволува конфигурацијата на теренот (населби со пошироки улици и станбени згради)
- Модел на собирање по систем „од врата до врата". Овој модел би се применувал во населби каде нема простор за поставување на колективни контејнери за селекција.

## Батерии

Собирањето на батериите се предвидува да се собираат на начин со поставување на мали сандачиња на неколку пункта (училишта, маркети и институции) каде населението ќе може да ги одложува искористените батерии. Со сметките за отпад на населението ќе му се достави информација за опасностите од батериите кои се рафрлаат во природата или се депонираат како составен дел на комуналниот отпад, како и за локациите на воспоставените собирни центри. Собраните батерии ќе бидат предавани на овластени оператори за постапување со овој вид на отпад.

## Специјални текови отпад

Од специјалните текови на отпад, најголем проблем за општината е да го подобри управувањето со отпадот од земјоделско – сточарските активности.

Управувањето со отпадот од растителни ткива ќе се подобри преку воведување на биокомпостирање, преку воведување на централизирано компостирање, како и спроведување на кампања за домашно компостирање. Проблемот со отпадот од животински ткива, Општина Крива Паланка ќе го решава со покревање и подршка на иницијативи за наоѓање на решенија на национално ниво, исти како и решавањето на проблемот со управувањето со медицински отпад. Општина Крива Паланка секако ќе се вклучи во националните шеми за постапување со отпадни масла, искористени возила и отпадна електрична и електронска опрема, од кои отпадот од електрична и електронска опрема е предвиден со овој План.

Со отпочнување на овој процес на селекција на отпад и компостирање на биоразградлив отпад, во голема мера ќе се намали вкупната количина на отпад која што треба да биде одложена на општинската депонија, со што ќе се намалат финансиските средства потребни за транспорт, а од друга страна ќе се продолжи периодот на експлоатација на општинската депонија.

# 7. Начини за отстранување на отпадот што не може да се избегне и да се преработи

Отпадот што не може да се избегне и преработи, во периодот до отпочнување на функционирање на регионалниот систем, во кој се очекува да биде разработено и постапувањето со овој отпад, Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец ќе го одлагаат на градската депонија

# 8. Определување на видот и на количеството отпад според кои се определува обврската на правните и на физичките лица да изработуваат програми за управување со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад ( Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13), правните и физичките лица кои во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да изготват и да ја реализираат Програмата за управување со отпад, согласно со член 19 од истиот закон.

# 9. Реализација на системот за мониторинг при управување со отпадот

Планот за управување со отпад во Општина Крива Паланка за периодот 2015-2019 година претставува втора фаза на еден долготраен процес. Околностите во Република Македонија поврзани со прашањето за управувањето со отпадот, можат и речиси сигурно континуирано ќе се менуваат во позитивне правец. Затоа, од суштинско значење е овој План, кој ќе биде усвоен од Општината, да биде предмет на континуиран мониторинг за да се осигура дека поставените цели, мерките за воведување на промените, како и планските претпоставки сеуште се валидни, и дека временската рамка за постигнување на усогласувањето како со европското така и со националното законодавство, и исполнувањето на обврските што произлегуваат од нив, се доследно почитувани и спроведени. Во преиодот утврден како временска рамка за спроведување на Планот, односно петгодишен период (2015-2019), мониторингот ќе се насочи кон:

1. Спроведување на политиките – до кој степен се спроведени во пракса политиките и мерките поставени во Планот;
2. Развој на капацитети – до кој степен се развиени, според планираното, потребните капацитети на инфраструктурата и системите за физичко управување со отпадотза да се усогласат со целите на Планот;
3. Резултати – резултати постигнати во однос на остварување на квалитативните и квантитативните цели на Планот.

Согласно претходното, Општината ќе врши мониторинг врз спроведувањето на Планот (2015-2019) и напредокот во:

- Намалување на опасностите и ризиците за животната средина од активностите на управување со отпад;
- Развој на нови системи и постројки за управување со отпад;
- Оперативноста на новите институционални решенија (координација помеѓу Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспектори);
- Собирање на средства за да се обезбеди финансиска одржливост на системот за управување со отпад од сите кои создаваат отпад (надоместоци врз основа на начелата „загадувачот плаќа“ и „одговорност на производителот“).

Исто така, будно ќе се следат барањата на законодавството. Донесувањето на законите и стандардите во областа на управувањето со отпадот не се доволни сами по себе да гарантираат успех. Потребно е тие да се спроведат, а за да се има

увид во ефикасноста на спроведувањето, треба да се воспостават основните оперативни системи и процедури. Во тој смисол, мора да се воспостави целисходен систем за прибирање на податоци и информации, нивно чување и обработка. Системот треба да верифицира дека се постигнати и одржливи планираните подобрувања во управувањето со отпад. Тој мора да биде релевантен извор на информации за сите заинтересирани страни. За да го обезбеди тоа, Општината и ЈП Комуналец ќе собираат податоци и информации, првенствено со доследно спроведување на барањата од Правилникот за евиденција и известување за постапување со отпад (Сл. Весник на РМ, бр. 07/06) како и извештаите на овластениот инспектор за животна средина. Последното подразбира и доследно спроведување на сите законски санкции за сите прекршители. Планот за управување со отпад ќе биде прегледуван и ажуриран (доколку е потребно) секоја година. Врз основ на Планот, ќе се изработуваат едногодишните програми за периодот 2015 – 2019 година.

Се препорачува за следење на спроведувањето на Планот и негово тековно ажурирање да се воспостави Локален комитет за следење на спроведувањето на планот.

За оценка на успешноста на спроведување на Планот се предлагаат следните индикатори:

- Количина на вкупно собран комунален отпад;
- Количина на создаден неопасен индустриски отпад;
- Количина на селективно собран отпад по фракции;
- Сума на собрани средства од продажба на селектираните фракции;
- Број на диви депонии;
- Број на услужени домаќинства;
- Процент на наплата;
- Број на успешно реализирани проекти од областа управување со отпад;
- Број на извршени инспекциски надзри;
- Број на наплатени казни.

# 10. Конкретни мерки и активности за намалување на биоразградливите состојки во отпадот наменет за остранување и временски распоред и обемот на нивното реализирање

Националниот план за управување со топад поставува цел за намалување на количината биораградлив отпад кој се депонира за 50% до 2020 година. Барањето за намалување на количината биоразградлив отпад кој се депонира всушност има карактер не само на национална обврска и корист, туку и на обврска кон корист за глобалната заедница. Имено, депонираниот биоразградлив отпад создава проблеми од различен карактер и тоа:

- При анаеробна разградба во условите кои владеат на депонијата се создава метан кој придонесува кон глобалното затоплување и тоа 20 пати повеќе од јаглерод диоксид;
- Продуктите на разградба, претежно органските киселини, ги растворуваат металите и како состојка на депонискиот исцедок тие се внесуваат и ги загадуваат подземните и површинските води и почвата;
- Продуктите на анаеробната разградба создаваат јака непријатна миризба околу депонијата и привлекуваат инсекти;
- Биоразградливиот материјал содржи супстанци кои се драгоцени за растителниот свет, а кои со депонирањето неповратно би се изгубиле.

Истовремено, рециклираниот материјал – компост, може да има значајна улога за развој на органското земјоделие во општината (заштедата од замена на вештачките ѓубрива е дополнителна продобивка).

Застапеност на биоразградливиот отпад во комуналниот отпад (утврдена како 26 % на национално ниво), додека во Општина Крива Паланка изнесува:

- Биоразградлив отпад (отпад од градини) – 20,45%;
- Друг биоразградлив отпад – 40,43%.

Ако сеземе во предвид оваа висока застапеност на биоразградливиот отпад во вкупната количина на комуналниот отпад и фактот дека општинската депонија е скоро целосно исполнета, рециклирањето на биоразградливиот отпад добива приоритет од највисок ранг.

Од овие причини Планот за управување со отпад планира акции за рециклирање на биоразградливиот отпад и тоа по пат на компостирање како технички најсоодветна и економски најисплатлива технологија. Компостирање то може да се спроведе во домашни услови т.е. секој создавач да го компостира отпадот кој го создава или на централно ниво. Планот предвидува користење на двата модела, со ставање првично на акцент на централизираното компостирање, а во некја подоцнежна фаза и домашното компостирање преку јавна кампања кон населението кое создава биоразградлив отпад.

Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец предвидуваат активности за подигање на јавната свест за домашното биокомпостирање и предностите што ги нуди домашното биокомпостирање.

Освен оваа активност, Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец ќе спроведе централно компостирање на биоразградливиот материјал кој се собира од јавните површини и од пазарот. Локацијата каде што ќе се врши централното биокомпостирање првично е предвидено да биде во кругот на постоечката општинска депонија, по претходно соодветно уредување на предвидениот простор. Предвидено е оваа активност да биде спроведена во периодот 2015-2016 година, а проценетите финансиски средства се околу 1.500.000 денари.

## 11. Локации и инсталации за отстранување на отпадот

Практиките за депонирање на отпадот не се во согласност со било какви технички и/или еколошки стандарди. Најголем дел од комуналниот отпад и останатите видови собран отпад се депонира на општинската депонија без никаков предтретман. Постоечката општинска депонија е лоцирана на 3 км југозападно од Крива Паланка, село Конопница, помеѓу магистралниот пат и Крива Река. Депонијата е пристапна од кратка кривина на патот на оддалеченост од 50 м.

Општинската депонијата се користи од 1983 година. Моментално е со површина од 8.000 м$^2$. На депонијата дневно се отстрануваат околу 30-35 м$^3$, главно комунален отпад. Според проценките волуменот на остранетиот отпад на депонијата изнесува околу 150.000 м$^3$. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива. Разнесувањето на лесна фракција од отпадот се забележува на границата од депонијата. Општинската депонија е целосно несанитарна и скоро целосно е исполнета.

Од страна на Општина Крива Паланка изработен е проект кој е одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање за затварање и рекултивација на депонијата.

Со приклучување на Општина Крива Паланка во регионалниот систем на управување со отпад за Североисточниот плански регион, постоечката депонија треба да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме, мора да се опстојува на доследно спроведување на предложените мерки за рециклирање и компостирање со цел намалување на вкупниот отпад кој ќе заврши на општинската депонија. Доколку капацитетот на општинската депонија се исполни во целост пред да се премине на регионален систем на управување со отпад, ќе мора да биде изнајдена соодветна времена локација за депонирање.

Градежниот шут има основано депонија за градежен шут (место викано Пашина Воденица), која се наоѓа на околу 2 км од градот, покрај магистралниот пат. Истата е исполнета со количина од околу 3.500 $м^3$. Во тек е спроведување на постапка од страна на Општина Крива Паланка за определување и уредување на нова локација за градежен шут.

# 12. Податоци за интегрираната мрежа за отстранување на отпадот

Интегрираното управување со отпад подразбира следење на создавањето на отпад, минимизирањето на место на настанување, собирање, транспорт, третман и одлагање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и доволно капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба и пуштање во функција на регионална депонија.

Сите правни лица создавачи на отпад, согласно Законот за управување со отпад се должни да имаат склучени договори за собирање и транспортирање на отпад со овластени даватели на услуги на територијата на општината.

Врз основ на подтоците од ЈП Комуналец, на територијата на општината Крива Паланка, редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 15 – 20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните места кои се наоѓаат

покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во пониските делови на општината и до кои има пристапни патишта.

ЈП „Комуналец“ освен услугите за собирање на комунален отпад, вклучувајќи и други активности како што се: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари.

Собраниот комунален отпад во целост се одложува на општинската депонија без претходна селекција.

## 13. Технички и други услови кои треба да се исполнат при управување со отпадот

За собирање и транспортирање на комуналниот отпад ЈП „Комуналец“ користи 2 камиони компактори со капацитет од 8м$^3$ и 4м$^3$ , 1 камион МАН со капацитет од 6м$^3$ и еден трактор со приколка со капацитет од 6м$^3$. Овие возила се веќе доста застарени и амортизирани и истите не можат да се користат за собирање на отпад на високите места во општината. Бројот на садови за собирање на отпад е следниот: 156 контејнери со зафатнина од 1,1м$^3$, 350 канти со капацитет од 120/240л. Проценето е дека во моментов 93 од контејнерите од 1,1м$^3$ е потребно да бидат заменети бидејќи се доста оштетени. Исто така бројката на садовите за отпад е потребно да биде зголемен заради потребата на зголемување на опфатот на услугата за собирање на комунален отпад.

**Податоци за опрема која се користи за собирање и транспортирање на комуален отпад**

| | | |
|---|---|---|
| **Возила** | Камион | 1 |
| | Компактор | 2 |
| | Трактор | 1 |
| **Садови за собирање** | Број на контејнери 1,1 м$^3$ | 156 |
| | Контејнери кои треба да се заменат | 93 |
| | Канти 120/240 л | 350 |

За поуспешно спроведување на предвидените активности согласно овој План како и за проширување на опфатот за собирање на опфат за неопфатените населби во општината, потребно е ЈП Комуналец да се доопреми со набавка на нови возила и опрема. Првенствено тука се мисли на возила за собирање на отпад со помал капацитет, како би се овозможило собирање на комунален отпад во повисоките рурални наслеби, каде што со сегашниот возен парк на комуналното

претпријатие невозможно е да се пристапи до овие наслеби. Исто така, потребна е набавка на нови садови за отпад, како и набавка на садови за селекција на отпад.

# 14. Мерки за санација на диви депонии и на загадените области

Во Општина Крива Паланка дивите депонии во голема мерка беа елиминирани во последните години, првенствено како резултат на зголемувањето на опфатот за собирање на комуналниот отпад од страна на ЈП Комуналец.

Идентификуваните поголеми депонии се наведени и опишани во следната табела.

**Попис и карактеристики на диви депонии**

| Реден број | Име на најблиското место каде е депонијата | Опис | Проценета количина ($м^3$) | Вид на отпад | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | населба Единство | поранешен Ресторан Ловачки | 3-5 | Комунален отпад | |
| 2 | населба Единство | регулација на Дол | 15-20 | Комунален отпад | |
| 3 | населба Цонев Рид | од страна на патот | 20 | Комунален отпад | |
| 4 | село Конопница | населба Деловодци | 3 | Комунален отпад | |
| 5 | село Конопница | населба Станболици | 6 | Комунален отпад | |
| 6 | село Конопница | гаражи на Пролетер | 9 | Комунален отпад | |
| 7 | село Градец | Мезовски ливади | 7 | Комунален отпад | |
| 8 | село Жидилово | Пашина воденица | 9 | Комунален отпад | |

Затварањето на дивите депонии (ѓубришта) се предвидува да оди постепено во планираниот период. Основно во овој процес е овозможување на комунална услуга за собирање на отпадот од овие места со поставување на соодветни садови за отпад. Истовремено потребно е да се пристапи кон отстранување на отпадот од овие диви депонии и по можност пренамена на просторот.

# 15. Активности коишто се преземаат од страна на Општина Крива Паланка во врска со управувањето со отпад

Општина Крива Паланка со овој План предвидува организирање на селективно собирање на отпадот, и тоа:

- **Селекција на стара хартија, ПЕТ амбалажа** и стакло преку поставување на типски садови за овие видови на отпад. Садовите за селекција ќе бидат поставени на преходно утврдени локации, првенствено во централното градско подрачје и поголемите урбани населби, за потоа постепено опфатот да се зголемува за останатите делови од општината.
- **Собирање на употребени батерии**, преку поставување на мали сандачиња каде населението би можело да ги остава искористените батерии. За оваа немена би се определиле неколку пунктови ( училишта, маркети и институции).
- **Биокомпостирање на биоразградлив отпад**, преку обезбедување на два начина за биокомпостирање: централно компостирање и домашно компостирање. Централното компостирање би се вршело на претходно определена локација од страна на Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец, и со овој централизиран модел на компостирање би се опфатил биоразградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови. Во врска со домашното компостирање, Општина Крива Паланка со овој план има намера да отпочне со јавна кампања кон населението кое продуцира поголеми количини на биоразградлив отпад, истиот да се компостира и повратно да се користи како органско ѓубриво.
- **Отпад од електрична и електронска опрема**, преку определување на локација/и каде граѓаните би можеле да ги остават отслужената електрична и електронска опрема.
- **Интервенција во системот за собирање на комунален отпад**, преку замена на отслужени садови за собирање на отпад со нови, набавка

на нови садови за проширување на опслужените подрачја, замена и поставување на нови канти за отпадоци на главната улица во општината, шеталиштето покрај магистралниот пат, шеталиштето во речното корито на Крива Река и други јавни површини.

- **Депонија за инертен отпад**, преку определување и уредување на нова локација за депонирање на овој отпад.
- **Затварање на диви депонии**, преку чистење и ремедијација на дивите депонии и евентуална пренамена на просторот, како и проширување на опслужените подрачја за да се спречи создавање на диви депонии.
- **Регионален пристап кон управувањето со отпад**, преку активно учество во Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад за Североисточниот плански регион.

## 16. Определување на регионите за управување со отпад

Општина Крива Паланка припаѓа на Североисточниот плански регион заедно со општините Куманово, Ранковце, Кратово, Старо Нагоричане и Липково.

Согласно Националниот План за управување со отпад (2009-2015), со воведување на регионалниот пристап на управувањето со отпад, Општина Крива Паланка заедно со останататите општини од регионот отпочнаа со постапка за регионално управување со отпад. Североисточниот плански регион има формирано Меѓуопштински одбор за управување со отпад и во зафршна фаза е донесувањето на Регионалниот План за управување со отпад за Североисточен регион.

## 17. Мерки за едукација и за подигање на јавната свест за управување со отпадот

Во главно, мерките за подигање на јавната свест и учество на јавноста во управувањето со отпадот во Општината Крива Паланка треба да пружат поддршка во процесот на економската транзиција, како и во процесот на усогласување со законодавството за животна средина на ЕУ. Членикте на ЕУ (и кандидатите за членство) се насочени кон вклучување на јавноста во донесувањето на одлуки и го зајакнуваат учеството на јавноставо планирањето.

Планот ќе даде основа за идни активности на клучните заинтересирани страни, со цел да се промовира одржливо управување со отпадот во општината.

Генерално, нивото на свеста за животната средина во Општина Крива Паланка треа да се подига преку:

- Еколошка едукација во училиштата; и
- Дополнителна едукација или ширење на информации за животната средина.

Суштинските проблеми поврзани со јавната свест за прашања од отпадот моше да се сумираат на следниот начин:

- Недоволни сознанија за добрата пракса во локалниот систем за управување со отпад;
- Недоволно разбирање на важноста да се плати за услугата за собирање на отпад;
- Јавните комунални претпријатија задолжени за собирање на отпадот обезбедуваат низок степен на услуга и не одат сметка за јавната свест;
- Недостаток на информации и ограничен пристап на јавноста до нив;
- Индиферентност на јавноста во поглед на дивите депонии;
- Ограничени сознанија/ разбирања за тоа како се постапува со отпадот согласно Европските стандарди;
- Неразвиен систем кој ги обединува начините за повторна употреба, преработка/рециклирање на отпадот; и
- Најчесто изолирани, некоординирани активности за подигање на јавната свест.

Кампањата за подигање на јавната свест треба да ги подржи целите дефинирани во Националниот Еколошки Акционен План и Националниот План за Управување со Отпад. Значајни цели за наредните 5 години земени како основа за развоја на принципите за комуникација и подигање на јавната свест се следните:

- Проширување (по подрачја и видови) на селективното собирање на видовите отпад кои можат да се рециклират;
- Подобрување на собирањето и третманот на медицинскиот и опасниот отпад;
- Одржливото управување со органскиот отпад од земјоделството;
- Промовирање и подршка на биокомпостирањето;
- Промовирање на принципите „од отпад до енергија“;

- Доследно спроведување на одредбите од Законот за управување со отпад.




Во подготовка и спроведување на кампањата за јавна свест, пресудно е да се вклучат клучните целни групи. За Општина Крва Паланка, потенцијалните заинтересирани страни и целни групи се:

- Поширокаta јавност – домаќинствата;
- Локалните власти;
- Комерцијлниот и индустрискиот сектор;
- Комуналните служби и професионалците во управувањето со отпад;
- Болниците;
- Неформалниот сектор;

- НВО; и
- Медиуми и други канали за комуникација.

При развивање на кампања за подигање на јавна свест треба да се следат следниве чекори:

Информирање → Консултирање → Инволвирање → Соработка → Моќ за одлучување

- ИНФОРМИРАЊЕ: Насочување на сите целни групи кон проблемите во областа на управувањето со отпад.
- КОНСУЛТИРАЊЕ: Организирање јавна расправа за разбирање на ситуацијата, причините и последиците од проблемите во областа со управувањето со отпад.
- ИНВОЛВИРАЊЕ: Активно вклучување на јавноста во активности од областа. Мотивацијата на луѓето да дадат свој придонес во процесот;
- СОРАБОТКА: Креирање на желба за соработка со активно вклучување на јавноста (сугестии, предлози, коментари) кои подоцна адекватно ќе се искористат при носење на одлуки. Мотивирање на луѓето да продолжат со активностите и истите да ги усовршат;
- МОЌ ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ: Активно вклучување на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво.

Механизмите за подигање на јавна свест и комуникација се важна алатка што може да се обезбеди разбирање, прифаќање и вклучување на граѓаните. Поради тоа, спроведувањето на Кампањата за подигање на јавна свест е од круцијално значење за подобрување на управувањето со отпадот. Постојат два принципа во кампањата за подигање на јавната свест:

- Подигање на свеста и зголемување на учеството; и
- Предизвикување на промени во однесувањето.

Пораките треба да и посочат на јавноста/целните групи не само како да се подобри собирањето на отпадот, туку исто така и зошто се прави тоа. Кампањата мора да пренесува не само информација, туку и кои се мотивите на јавноста да го прави тоа.

Пораката треба да биде едноставна, разбирлива за обичната јавност и евентуално, придружена со слоган. Кога се оформува слоганот на пораката треба да се мисли на:

- Што треба да пренесе пораката;
- Што ќе помисли јавноста за таа порака; и

- Кои акции јавноста ќе ги преземе во резултат на таа порака.

Се препорачува кампањата за подигање на јавната свест да биде насочена кон три суштински групи проблеми:

- **Стоп за дивото депонирање**
  - Зголемување на покриеноста на собирање на комунален отпад (вклучувајќи ја спремноста да се плати за подобра услуга);
  - Премин кон контролирано отстранување на отпад ( регионална депонија); и
  - Рекултивација на дивите депонии: идентификација, набљудување, приоретизација.ж

- **Подобрување на превенцијата на отпадот, повторна употреба, преработка (на пр. Рециклирање) и наплата**
  - Интелегентно купување;
  - Селективно собирање;
  - Компостирање;
  - Трансапарентност на тарифирањето т.е. трошоци за услуга.

- **Подобрување на управувањето со опасен отпад**
  - Селективно собирање на индустриски отпад;
  - Селективно собирање на медицински отпад;
  - Селективно собирање на отпад од животински ткива.

Може да се препорачаат следните принципи за развивање на кампања за подигање на јавната свест:

- Приодот треба да е проактивен и позитивен. Граѓаните не треба да бидат оставени самите да ги интерпретираат промените, туку треба да имаат навремени информации за позитивните ефекти и придобивките;
- Политиката и структурните промени во областа на управувањето со отпадот на национално и локално ниво не може да се спроведат без поддршка од јавноста и нејзиното активно учество;
- Треба да се користат двата приода од долу нагоре и од горе надолу;
- Кампањата не треба само да дистрибуира одредена информација, туку исто така да креира можности за одговор на јавноста кој потоа ќе биде земен во предвид;

- Важно е од целните групи не само да се побара промена на нивниот став и однесување, туку и да се објаснат причините зошто тоа се бара и да се покаже како да се направи тоа;
- Да се осигура дека целните групи добиваат можности да го променат своето однесување. На пример, комуникацијата за селективно собирање оди заедно со можностите за селективно собирање;
- Пораката треба да се повторува и зајакнува.

Со овој План се предвидува информирање и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата поврзаност со природните ресурси. Од овие причини, овој План предвидува користење на различни форми за едукација и информирање на одредени целни групи и тоа во делот на:

- Селектирање на комуналниот отпад, преку јавни кампањи и информирање на населението со брошури и информативни листови за селективно собирање на рециклабилните видови на отпад и нивната улога во обезбедување на секундарни суровини и локациите и начинот на селектирање;
- Организирање на јавна кампања за едукација на населението за предностите и можностите кои ги нуди биокомпостирањето;
- Едукација за превенција во училиштата преку организрање на активности преку:
    - Организирање на собирање ПЕТ амбалажа и стара хартија;
    - Донаторски акции за учебници, тетратки и други училишни помагала;
    - Донаторски акции за собирање на облека и предмети со мал габарит. Собраните предмети наместо да се одложат на депонија и така дополнително да ја оптоварат истата, може да бидат донирани.

Јавната кампања би се спроведувала преку организрање на трибини, печатење на материјали (брошури, информативни листови и сл.) и преку медиуми.

# 18. Финансиски инструменти за спроведување на планот за управување со отпад

## 18.1. Извори на финансирање на јавната услуга

Финансирањето на управувањето со отпад како јавна услуга, Општина Крива Паланка го обезбедува преку сопствен буџет, донации, надоместоци за извршена услуга и наплатени казни.

Врз основа на начелото „загадувачот плаќа“, трошоците за финансирање на управувањето со комуналниот отпад треба да се покријат преку надоместоците кои ги плаќаат корисниците на комунални услуги, пр. Домаќинствата, услужните дејности, институциите, индустријата и сл. Во Општина Крива Паланка се практикува фиксен надоместок (паушал) од 240 денари за домаќинство месечно. За собирање и депонирање на индустриски неопасен и комерцијалн отпад, комуналното претпријатие исто така наплатува фиксен надоместок кој зависи од количината на отпадот. Наплата на услугата со паушал претставува повреда на одредбите од Законот за управување со отпад и не е во согласност со начелото „загадувачот плаќа“, па оттука отсуствува и стимулот да се намали создавањето на отпадот. Генерално, приходите добиени од домаќинствата и останатите извори не се доволни да ги покријат трошоците за обезбедување на услугите, бидејќи:

- Делот на неплаќачи е околу 20%;
- Тарифите за отпад кои ги плаќаат корисниците на услугатане ги покриваат трошоците (особено трошоците за инвестиционо одржување);
- Тарифите ги усвојува Општината, на предлог на ЈП Комуналец, меѓутоа ти се базираат не на она што е реален трошок за услугите, туку на она што изгледа финансиски достапно за корисниците;

Во следнава табела се дадени финансиските податоци за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по категории комерцијални субјекти (едномесечна просечна пресметка од 2014 година)

| Сектор: хотелско – ресторански услуги | | | |
|---|---|---|---|
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 15 | 13 | 80.000 | 62.000 |
| **Сектор: хотелско – угостителство (кафичи, дискотеки, сендвичари и сл.)** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 31 | 28 | 30.000 | 20.000 |
| **Сектор: занаетчии (кројачи, чевлари и сл.) и лични услуги (фризери, козметичари и сл.)** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 20 | 17 | 18.000 | 12.000 |
| **Сектор: пекарство** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 4 | 3 | 8.000 | 6.000 |
| **Сектор: комерцијален сектор** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 360 | 318 | 700.000 | 400.000 |
| **Сектор: индустрија** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 15 | 11 | 100.000 | 80.000 |
| **Сектор: автосервиси** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 6 | 5 | 6.200 | 4.200 |
| **Сектор: институции** | | | |
| Број на субјекти / сектор | Број на субјекти / сектор кои претежно плаќаат | Вкупен планиран приход по сектор (денари) | Вкупен остварен приход по сектор (денари) |
| 8 | 6 | 161.000 | 120.000 |

### 18.2. Јавно – приватно партнерство

Во секторот за управување со отпад во општината Крива Паланк, услуга по моделот јавно – приватно партнерство не е присутно.

### 18.3. Приватен сектор

Во Општина Крива Паланка, во управувањето со отпад не е вклучен приватен сектор, освен во делот на селективното собирање и привремено складирање на црни и обоени метали и ПЕТ амбалажа, каде е присутен 1 (еден) приватен субјект.

# 19. Мерки и активности со временска рамка (акционен план 2015-2019)

**Област: Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад и затварање и ремдијација на постојната депонија**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во активностите за реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад за Североисточен регион | Согласно барањата на Североисточниот регион | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | 2015-2019 | Според физибилити студијаи Регионален План за управување со отпад за Североисточен регион | Буџет на РМ, ИПА фонд, Јавно приватно партнерство, буџет на општина |

**Област: Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена на отслужени садови за собирање на отпад со нови | -Собирање на отслужените садови<br>-Поправка каде е можна<br>-Пренамена за селективно собирање<br>-Набавка на новио контејнери и канти за отпад и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 | 1.500.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Набавка на нови садови за проширување на опслуженото подрачје | -Набавка на нови контејнери<br>-Избор на локации за поставување<br>Поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 | 300.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Поставување на корпи за отпадоци на шеталиштето покрај магистралниот пат, главна улица и други јавни површини | -Избор на локации за поставување<br>-Набавка (изработка) на корпи за отпадоци<br>-Поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 | 100.000 | Општина Крива Паланка |

## Област: Итна интервенција во собирање на инертен отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување и уредување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и сл.) | -Формирање на тим за изнаоѓање на локација за одлагање на градежен шут<br>-Изготвување на Одлука<br>-Усвојување на Одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка<br>-Обезбедување на соодветна техничка документација и дозволи<br>-Уредување и оградување<br>-Обезбедување на пристап<br>-Превземање на мерки за заштита на животната средина<br>-Обезбедување на чуварска служба | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015 | 350.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

## Област: Превенција на отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавна кампања и едукација | -Изработка на брошури<br>-Изработка на информативни ливчиња<br>-Изработка на ТВ спотови<br>-Одржување на обуки | Општина Крива Паланка, Граѓански здруженија и консултанти | 2015-2019 | 150.000 | Општина Крива Паланка, МЖСПП |
| Организирање на акции за донирање | -Органзирање на акции по училиштата<br>-Организирање општинска акција | Општина Крива Паланка, основните и средното училиште | 2015-2019 (еднаш годишно) | 60.000 | Општина Крива Паланка, МЖСПП |

## Област: Организиран систем за селективно собирање и рециклирање

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање | -Подготвување на работен план за подигање на јавната свест<br>-Дефинирање на целни групи<br>-Работни средби и предавања на различни нивоа<br>-Изработка на брошури за селективно собирање на рециклабилните видови отпад и нивна улога во обезбедување на секундарни суровини<br>-Изработка на информативни листови<br>-Изработка и емитување на ТВ спотови и пораки<br>-Известувања на јавноста за реализираните активности | Општина Крива Паланка, консултанти | 2015-2019 | 600.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема | -Обезбедување на финансиска конструкција<br>-Определување на локација за складирање<br>-Јавна кампања<br>-Набавка на садови Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман<br>-Набавка на дробилка и балирка за ПЕТ амбалажа | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2015-2019 | 1.500.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

## Област: Компостирање на биоразградлив отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување на централизирано компостирање и кампања за домашно компостирање од страна на населението | -Анализа на моделите за централно компостирање и избор на модел<br>-Определување на локација за централизирано биокомпостирање<br>-Јавна кампања<br>-Едукација<br>-Изградба и опремување на централни компостери<br>-Набавка на мобилна дробилка за крупен биоразградлив отпад<br>-Промоција на резултатите | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | 2015-2016 | 1.500.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

## Област: Диви депонии

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на План за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот<br>-Проценка на ризикот<br>-Проценка на финансиски средства потребни за затварање<br>-Рангирање диви депонии по приоритет | Општина Крива Паланка (потребна е консултантска помош) | 2015-2019 | 120.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |
| Наоѓање на средства за затварање и ремидијација | -Алоцирање на средства од буџет на општина<br>-Барање на дополнителни средства од Влада на РМ и МЖСПП | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 | / | / |
| Воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување | -Назначување на одговорно лице во општината<br>-Изработка на план за редовен и привремен мониторинг<br>-Одредување на казнени мерки за прекршителите | Општина Крива Паланка | 2015-2019 | / | / |

**Област: Мониторинг на спроведување на планот и негово ажурирање**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање Локален комитет за следење на спроведувањето | -Одржување работни состаноци на локален комитет | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Евидентирање | -Формирање база на податоци | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Оценување на спроведувањето со користење на предложените индикатори | -Мерење на постигнатите резултати | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Изготвување на годишни извештаи за спроведување | -Усвојување на извештаите од локалниот комитет | Општина Крива Паланка | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Ажурирање на планот | -Изработка на годишни програми | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2015-2019 континуирано | / | / |

## Област: Иницијатива за покренување активности од страна на МЖСПП

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Решавање на проблемот со управување со медицински отпад | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со медицински отпад | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со опасен отпад | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со опасен отпад | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со отпад од животински ткива | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпад од животински ткива | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпадни гуми | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015-2019 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со отпадни масла | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпадни масла | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015-2019 континуирано | / | / |

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ број 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 30.06.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

**За усвојување Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период 2015 година**

Член 1

Се усвојува Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2015 година.

Член 2

Програмата за управување со отпад е изработена во согласност со Планот за управување со отпад за Општина Крива Паланка (2015 – 2019 ), усвоен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-1787/35**
**30.06.2015 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р. Борче Стојчевски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлука за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период од 2015 година

1. Се прогласува Одлуката за управување со отпад на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 23-та седница, одржана на 30.06.2015 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1787/36**
**01.07.2015 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.АрсенчоАлексовски**

www.krivapalanka.gov.mk

# П Р О Г Р А М А

## за

## управување со отпад за

## Општина Крива Паланка

## (2015 година)

# Содржина:

1. Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво....3

2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот....4

3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот....4

4. Мерки и активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад....5

5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад....6

6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите....9

7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот....9

8. Начинот на функционирање на интегриранаta мрежа за Преработка и за отстранување на отпадот....10

9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад....11

10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад....12

11. Програмски мерки и актиувности за 2015 година....12

# 1. Процена на видот и на количеството отпад што се создава во општина Крива Паланка на годишно ниво

ЈП„Комуналец“ во 2013 година за потребите на изработка на Планот за управување со отпад на Североисточниот регион направи проценка на составот на комуналнитот отпад по вид и количини. Количините на главните состојки на комуналниот отпад се дадени во следнава табела.

**Состав на комуналниот отпад и количини по видови**

| Вид на отпад | Количина (т/год) | Застапеност (%) |
|---|---|---|
| Биоразградлив отпад (отпад од градини) | 954 | 20,45 |
| Друг биоразградлив отпад | 1887 | 40,43 |
| Хартија | 114 | 2,45 |
| Картон | 170 | 3,65 |
| Стакло | 116 | 2,49 |
| Метали | 19 | 0,40 |
| Алуминиум | 18 | 0,38 |
| ПЕТ амбалажа | 183 | 3,91 |
| Пластични ќеси | 250 | 5,37 |
| Пластични ќеси од пакување | 77 | 1,62 |
| Друга пластика | 48 | 1,02 |
| Текстил | 43 | 0,92 |
| Кожа | 7 | 0,16 |
| Пелени | 130 | 2,79 |
| Отпад од градење и рушење | 6 | 0,13 |
| Електронски отпад | 6 | 0,13 |
| Опасен отпад | 11 | 0,24 |
| Тетрапак пакување | 25 | 0,54 |
| Фина фракција | 603 | 12,92 |
| **Вкупно** | **4667** | **100** |

Проценката за годишната количина на отпад за периодот опфатен со Планот за управување со отпад 2015 – 2019 година е даден во следната табела.

**Проценка на создавање на отпад во планскиот период**

| Година | Годишна количина на отпад (тони) |
|---|---|
| 2015 | 4.697 |
| 2016 | 4.728 |
| 2017 | 4.760 |
| 2018 | 4.791 |
| 2019 | 4.823 |

Причината за континуираното зголемување на количините на отпад е како резултата на континуираното зголмување на опфатот за организирано собирање на отпадот, зголемениот број на површини кои се одржуваат и уредуваат и како резултат на подобрената свест на граѓаните за фрлање на отпадот на определените места.

## 2. Начинот на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот

Согласно Законот за управување со отпад ( Сл. Весник на РМ, бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13 и 163/13), правните и физичките лица кои во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создаваат повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад се должни да изготват и да ја реализираат Програмата за управување со отпад, согласно со член 19 од истиот закон.

## 3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создадениот отпад, селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки од отпадот

Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за период 2015 – 2019 година опфаќа мерки и активности за селекција на отпад. Во оваа програма

за управување со отпад за 2015 година се предвидува воспоставување на систем за селекција на отпадот преку:

- Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање;
- Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема.

Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање со оваа програма се планира да се спроведе преку следниве активности:

- Подготовка на работен план за подигање на јавната свест;
- Дефинирање на целни групи;
- Работни средби и предавања на различни нивоа.

Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема, се планира да се спроведе преку следните активности:

- Обезбедување на финансиска конструкција;
- Определување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад;
- Определување на локации за еко острови за селектиран отпад;
- Набавка на садови за селекција на отпад;
- Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман;
- Воведување на првично селектирање на отпадот во училиштата и градинките.

Во врска со издвојувањето на опасните состојки од отпад, покрај батериите и отпадот од електронска и електрична опрема за кои се планира воведување на централизирано собирање, правните и физичките лица кои создаваат опасен отпад ќе бидат обврзани преку интегрирани еколошки дозволи и елаборати за заштита на животната средина да склучуваат договори со овластени правни лица за превземање на опасен отпад.

# 4. Мерки и активности за поттикнување на компостирање на биоразградливиот отпад

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година опфатено е компостирањето на биоразградлив отпад. Програмата за управување со отпад за 2015 година во делот на компостирање на биоразградливиот отпад ќе се спроведува преку:

- Воведување на централизирано компостирање;
- Кампања за домашно компостирање од страна на населението.

Централизраното компостирање на биоразградливиот отпад се планира да се спроведува на претходно определена локација определена од страна на Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец. Со овој централизиран модел на компостирање би се опфатил биоразградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови. Во 2015 година се планира отпочнување на процесот преку **анализа на моделите за централно компостирање** и **избор на модел и определување на локација за централизирано биокомпостирање**.

Во делот на домашното компостирање се планира едукација на населението за селектирање на биоразгардливиот отпад, негово биокомостирање и користење. Овој процес би се одвивал континуирано во целиот период опфатен со Планот за управување со отпад (2015 - 2019).

# 5. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпад

Генерално, нивото на свеста за животната средина во Општина Крива Паланка треа да се подига преку:

- Еколошка едукација во училиштата; и
- Дополнителна едукација или ширење на информации за животната средина.

Кампањата за подигање на јавната свест треба да ги подржи следниве цели:

- Проширување (по подрачја и видови) на селективното собирање на видовите отпад кои можат да се рециклират;
- Подобрување на собирањето и третманот на медицинскиот и опасниот отпад;
- Одржливото управување со органскиот отпад од земјоделството;
- Промовирање и подршка на биокомпостирањето;
- Промовирање на принципите „од отпад до енергија“;
- Доследно спроведување на одредбите од Законот за управување со отпад.

Во подготовка и спроведување на кампањата за јавна свест, пресудно е да се вклучат клучните целни групи. За Општина Крива Паланка, потенцијалните заинтересирани страни и целни групи се:

- Поширокатa јавност – домаќинствата;
- Локалните власти;
- Комерцијлниот и индустрискиот сектор;
- Комуналните служби и професионалците во управувањето со отпад;
- Болниците;
- Неформалниот сектор;
- НВО; и
- Медиуми и други канали за комуникација.

Се препорачува кампањата за подигање на јавната свест да биде насочена кон три суштински групи проблеми:

- **Стоп за дивото депонирање**
    - Зголемување на покриеноста на собирање на комунален отпад (вклучувајќи ја спремноста да се плати за подобра услуга);
    - Премин кон контролирано отстранување на отпад ( регионална депонија); и
    - Рекултивација на дивите депонии: идентификација, набљудување, приоретизација.

- **Подобрување на превенцијата на отпадот, повторна употреба, преработка (на пр. Рециклирање) и наплата**
    - Интелегентно купување;
    - Селективно собирање;
    - Компостирање;
    - Трансапарентност на тарифирањето т.е. трошоци за услуга.

- **Подобрување на управувањето со опасен отпад**
    - Селективно собирање на индустриски отпад;
    - Селективно собирање на медицински отпад;
    - Селективно собирање на отпад од животински ткива.

Може да се препорачаат следните принципи за развивање на кампања за подигање на јавната свест:

- Приодот треба да е проактивен и позитивен. Граѓаните не треба да бидат оставени самите да ги интерпретираат промените, туку треба

да имаат навремени информации за позитивните ефекти и придобивките;

- Политиката и структурните промени во областа на управувањето со отпадот на национално и локално ниво не може да се спроведат без поддршка од јавноста и нејзиното активно учество;
- Треба да се користат двата приода од долу нагоре и од горе надолу;
- Кампањата не треба само да дистрибуира одредена информација, туку исто така да креира можности за одговор на јавноста кој потоа ќе биде земен во предвид;
- Важно е од целните групи не само да се побара промена на нивниот став и однесување, туку и да се објаснат причините зошто тоа се бара и да се покаже како да се направи тоа;
- Да се осигура дека целните групи добиваат можности да го променат своето однесување. На пример, комуникацијата за селективно собирање оди заедно со можностите за селективно собирање;
- Пораката треба да се повторува и зајакнува.

Согласно Планот за управување со отпад за периодот 2015 – 2019 година, во оваа програма за 2015 година како и во наредните години се предвидува информирање и едукација на населението за вредноста на отпадот и опасностите кои доаѓаат од него и неговата поврзаност со природните ресурси. Од овие причини, овој План предвидува користење на различни форми за едукација и информирање на одредени целни групи и тоа во делот на:

- Селектирање на комуналниот отпад, преку јавни кампањи и информирање на населението со брошури и информативни листови за селективно собирање на рециклабилните видови на отпад и нивната улога во обезбедување на секундарни суровини и локациите и начинот на селектирање;
- Организирање на јавна кампања за едукација на населението за предностите и можностите кои ги нуди биокомпостирањето;
- Едукација за превенција во училиштата преку организрање на активности преку:
  - Организирање на собирање ПЕТ амбалажа и стара хартија;
  - Организирано собирање на батерии и електронски отпад во училиштата и градинките;
  - Донаторски акции за учебници, тетратки и други училишни помагала;
  - Донаторски акции за собирање на облека и предмети со мал габарит. Собраните предмети наместо да се одложат на депонија

и така дополнително да ја оптоварат истата, може да бидат донирани.

Јавната кампања би се спроведувала преку организрање на трибини, печатење на материјали (брошури, информативни листови и сл.) и преку медиуми.

## 6. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите

Со цел намалување на количеството на биоразградлив отпад што се отстранува на депониите, со оваа програма за управување со отпад се планира да се отпочне со процес на централизирано биокомпостирање на биоразградливиот отпад на претходно определена локација определена од страна на Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец. Со овој централизиран модел на компостирање би се опфатил бирзаградливиот отпад собран од јавни површини, пазари, паркови. Во 2015 година се планира отпочнување на процесот преку **анализа на моделите за централно компостирање** и **избор на модел и определување на локација за централизирано биокомпостирање**. Произведенот компост ќе се користи од страна на ЈП Комуналец при одржување на градското зеленило.

## 7. Начинот на работа на објектите и на инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот

Во општина Крива Паланка во моментов отпадот се одлага на општинската депонија лоцирана без никакво предтретман. Постоечката депонија е лоциарана на 3 км југозападно од Крива паланка, село Конопница, помеѓу магистралниот пат и Крива Река.

Општинската депонијата се користи од 1983 година. Моментално е со површина од 8.000 $м^2$. На депонијата дневно се отстрануваат околу 30-35 $м^3$, главно комунален отпад. Според проценките волуменот на остранетиот отпад на депонијата изнесува околу 150.000 $м^3$. Површината повремено се натапкува со булдожер и повремено се препокрива. Разнесувањето на лесна фракција од отпадот се забележува на границата од депонијата. Општинската депонија е целосно несанитарна и скоро целосно е исполнета.

Од страна на Општина Крива Паланка изработен е проект кој е одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање за затварање и рекултивација на депонијата.

Со приклучување на Општина Крива Паланка во регионалниот систем на управување со отпад за Североисточниот плански регион, постоечката депонија треба да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме, мора да се опстојува на доследно спроведување на предложените мерки за рециклирање и компостирање опфатени со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015 – 2019 година, со цел намалување на вкупниот отпад кој ќе заврши на општинската депонија. Доколку капацитетот на општинската депонија се исполни во целост пред да се премине на регионален систем на управување со отпад, ќе мора да биде изнајдена соодветна времена локација за депонирање.

Општината за справување со градежниот шут има определно депонија за градежен шут (место викано Пашина Воденица), која се наоѓа на околу 2 км од градот, покрај магистралниот пат. Истата е исполнета со количина од околу 3.500 м$^3$. Оваа депонија е предвидено до крај на 2015 година да се затвори, планира и рекултивира.

Со оваа Програма за 2015 година се предвидува отпочнување на постапка за определување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и др.)

# 8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

Интегрираното управување со отпад подразбира следење на создавањето на отпад, минимизирањето на место на настанување, собирање, транспорт, третман и одлагање, што резултира со одржливо управување со отпадот со добра покриеност и доволно капацитети за давање услуги на собирање, транспортирање и депонирање до изградба и пуштање во функција на регионална депонија.

Сите правни лица создавачи на отпад, согласно Законот за управување со отпад се должни да имаат склучени договори за собирање и транспортирање на отпад со овластени даватели на услуги на територијата на општината.

Врз основ на податоците од ЈП Комуналец, на територијата на општината Крива Паланка, редовните услуги за собирање на отпад се главно лимитирани на урбаните средини и на дел од руралните средини. Урбаниот дел од општината е

покриена со 100 % со услуга за собирање на отпадот, додека околу 15 – 20% е покриеноста во руралните делови, претежно во руралните места кои се наоѓаат покрај магистралниот пат и оние рурални места кои се во нониските делови на општината и до кои има пристапни патишта. Оваа 2015 година од страна на ЈП Комуналец е планирано зголемување на опфатот на организирано собирање за уште 300 нови корисници пред се од руралните населби.

ЈП „Комуналец“ освен услугите за собирање на комунален отпад, вклучувајќи и други активности како што се: чистење на улиците, јавни паркови и зелени површини, одржување на гробишта и пазари.

Собраниот комунален отпад во целост се одложува на општинската депонија без претходна селекција.

## 9. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпад

Мониторингот на состојбите со отпадот во Општината Крива Паланка ќе се реализира преку создавање на релевантна база на податоци за сосотојбите со отпадот во општината која што треба да ја оформи ЈП Комиуналец во соработка со општината. Мониторингот за 2015 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспортот на отпадот како и со изготвување на годишните извештаи за управување со отпад. Овие се задолжителни за ЈКп и за поголемите фирми односно компании кои продуцираат поголеми количини на отпад. Локалната администрација преку овие инструменти во секој момент ќе може да има преглед на состојбите во областа на управување со отпадот. Се разбира дека ваквата пракса целосно сеуште не постои и затоа истата мора што поскоро односно до крајот на 2015 година да се вовоеде за да сиситемот на мониторинг на состојбите со отпадот и информирањето за истите да почне во вистинска смисла да функционира. Затоа мора да се има разбирање и што поскорода се поведе сметка кај Општината и општинското јавно претпријатие за згоелемување на човечките ресурси и капацитети за следење на состојбите со управување со отпадот, собирање и доставување на податоци за видот и количините на отпад, начинот на созадавање, контрола и обработка и анализа на податоците.

# 10. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка се предвидува и затварање на дивите депонии (ѓубришта). Овој процес се предвидува да се одвива континуирано во целиот период опфатен со планот 2015 – 2019 година. Со цел намалување на бројот на диви депонии кои се создаваат на територијата на општина Крива Паланка се предвидува зголемување на опфатот за собирање на комунален отпад, преку поставување на садови за отпад и редовен транспорт на истиот. Согласно Планот за управување со отпад на овие локации каде има диви депонии, по чистењето да се пристапи кон пренамена на просторот.

# 11. Програмски мерки и активности за 2015 година

**Област 1: Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад и затварање и ремдијација на постојната депонија**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во активностите за реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад за Североисточен регион | Согласно барањата на Североисточниот регион | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | Јули – Декември 2015 | Според физибилити студијаи Регионален План за управување со отпад за Североисточен регион | Буџет на РМ, ИПА фонд, Јавно приватно партнерство, буџет на општина |

**Област 2: Итна интервенција во системот за собирање на комунален отпад**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена и поправка на дотраени садови за собирање на отпад со нови | -Замена на дотраени садови со нови садови– 20 бр.<br>-Поправка на 20 бр. На садови | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули – Декември 2015 | 60.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Набавка на нови садови за проширување на опслуженото | -Набавка на нови контејнери – 30 бр. (20 нови за замена на стари и 10 за | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули – Декември 2015 | 350.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| подрачје | проширување на опфат)<br>-Определување на 10 нови локации за поставување на контејнери и нивно поставување | | | | |
| Поставување на корпи за отпадоци на шеталиштето покрај магистралниот пат, главна улица и други јавни површини | -Избор на локации за поставување<br>-Набавка (изработка) на 50 корпи за отпадоци и нивно поставување | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули – Декември 2015 | 100.000 | Општина Крива Паланка |

## Област 3: Итна интервенција во собирање на инертен отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Определување на нова локација за инертен отпад (градежен шут, земја и сл.) | -Затворање на депонијата кај Пашина Воденица<br>-Формирање на тим за изнаоѓање на нова локација за одлагање на градежен шут<br>-Изготвување на Одлука<br>-Усвојување на Одлука од страна на Совет на Општина Крива Паланка<br>-Обезбедување на соодветна техничка документација и дозволи | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули – Декември 2015 | 130.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |

## Област 4: Превенција на отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Јавна кампања и едукација | -Изработка на информативни ливчиња<br>-Одржување на 3 едукативни кампањи и 2 обуки | Општина Крива Паланка, Граѓански здруженија и консултанти | Септември – Декември 2015 | 60.000 | Општина Крива Паланка, МЖСПП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | во училиштата | | | | |
| Организирање на акции за донирање | -Организрање на акции по училиштата<br>-Организирање општинска акција | Општина Крива Паланка, основните и средното училиште | Октомври 2015 | 50.000 | Општина Крива Паланка, МЖСПП |
| Организиорање на акции за собирање на отпад | -реазлизација на акција „Да ја исчистиме Крива Паланка за еден ден“<br>-Приклучување на националната акција „Македонија без отпад“ | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, основните и средното училиште и граѓански здруженија | Октомври - Ноември 2015 | 10.000 | Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец |

## Област: Организиран систем за селективно собирање и рециклирање

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на јавна кампања за потребите од рециклирање | -Подготвување на работен план за подигање на јавната свест<br>-Дефинирање на целни групи<br>-Работни средби и предавања на различни нивоа | Општина Крива Паланка, консултанти | Јули – Декември 2015 | 10.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец |
| Воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и отпад од електронска и електрична опрема | -Обезбедување на финансиска конструкција<br>-Определување на локации за собирни центри и за складирање на рециклиран отпад<br>-Определување на локации за еко острови за селектиран отпад<br>-Набавка на садови за селекција на отпад – 30 бр.<br>Постапка за добивање на дозвола за складирање и третман | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | Јули – Декември 2015 | 300.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

## Област 5: Компостирање на биоразградлив отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување на централизирано компостирање и кампања за домашно компостирање од страна на населението | -Анализа на моделите за централно компостирање и избор на модел<br>-Определување на локација за централизирано биокомпостирање<br>-Јавна кампања и Едукација на населението за селектирање на биоразградливиот отпад, негово биоконпостирање и користење | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, консултанти | Јули – Декември 2015 | 15.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |

## Област 6: Диви депонии

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на План за затварање на диви депонии | -Анализа на теренот<br>-Проценка на ризикот<br>-Проценка на финансиски средства потребни за затварање<br>-Рангирање диви депонии по приоритет | Општина Крива Паланка (потребна е консултантска помош) | Јули – Август 2015 | 120.000 | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, МЖСПП |
| Наоѓање на средства за затварање и ремидијација | -Алоцирање на средства од буџет на општина<br>-Барање на дополнителни средства од Влада на РМ и МЖСПП | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Август - Септември 2015 | / | / |
| Воспоставување на соодветен мониторинг и систем на казнување | -Назначување на одговорно лице во општината<br>-Изработка на план за редовен и привремен мониторинг | Општина Крива Паланка | Јули 2015 | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | -Одредување на казнени мерки за прекршителите | | | | |

## Област 7: Мониторинг на спроведување на планот и негово ажурирање

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање Локален комитет за следење на спроведувањето | -Одржување работни состаноци на локален комитет | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули 2015 континуирано | / | / |
| Евидентирање | -Формирање база на податоци | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули - Декември 2015 континуирано | / | / |
| Оценување на спроведувањето со користење на предложените индикатори | -Мерење на постигнатите резултати | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | Јули - Декември 2015 континуирано | / | / |
| Изготвување на годишни извештаи за спроведување | -Усвојување на извештаите од локалниот комитет | Општина Крива Паланка | Декември 2015 континуирано | / | / |
| Ажурирање на планот | -Изработка на годишни програми | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | континуирано | / | / |

## Област 8: Иницијатива за покренување активности од страна на МЖСПП

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет (денари) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Решавање на проблемот со управување со медицински отпад | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со медицински отпад | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со опасен отпад | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со опасен отпад | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015 континуирано | / | / |
| Решавање на | -Подршка на | Општина Крива | | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| проблемот со управување со отпад од животински ткива | иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпад од животински ткива | Паланка,МЖСПП | 2015 континуирано | | |
| Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпадни гуми | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015 континуирано | / | / |
| Решавање на проблемот со управување со отпадни масла | -Подршка на иницијативата на МЖСПП за централно (регионално) интегрирано управување со отпадни масла | Општина Крива Паланка,МЖСПП | 2015 континуирано | / | / |

Реализацијата на оваа програмата за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2015 година во многу што ќе зависи од одвоените средства од буџетот на Општина Крива Паланка.

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

11-1673/9
14.04.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 205 став (1) од Законот за опште управна постапка (" Службен Весник на Република Македонија" бр 38 /05 и 110/08) и член 18 став (5 ) од Законот за управување со отпад ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 68/04, 107/07, 102/08 и 134/08, 124/10 , 09/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13 и 51/15), министерот за животна средина и просторно планирање донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на План за управување со отпад**
**на Општина Крива Паланка за период ( 2015-2019)год.**

Со ова Решение се одобрува Планот за управување со отпад на Општина Охрид за период (2015-2019) год.
Општината Крива Паланка е одговорна за целосно спроведување и реализација на Планот за управување со отпад (2015-2019) год,и за доставување на известувања за неговата реализација до МЖСПП-Управата за животна средина.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 19.03.2015 год, Општина Крива Паланка до МЖСПП – Управа за животна средина поднесе барање за одобрување на План за управување со отпад со дополнување за период (2015-2019) год.
По извршениот увид и анализа на доставениот План, од страна на органот на државната управа, надлежен за работите од областа на животна средина се констатира дека Планот е изготвен согласно Законот за управување со отпад и согласно Националниот План за управување со отпад ( 2009-2015) година. на Република Македонија.
Со Планот за управување со отпад на Општина Крива Паланка се утврдени мерките и активностите што треба да ги превзема Општината за период од (2015-2019) год.со што ќе се придонесе кон подобрување на состојбите во управувањето со отпад.

Врз основа на изнесеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Поука за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

MINISTER
NURHAN IZAIRI

Изготвил:
Ќамил Цека
Контролирал;
Илбер Шабани
Одобрил:
Даринка Јантинска
Согласен:
Директор на управа за животна средина
Игор Трајковски